**ISSN 1857-9787**

**Македонско здружение за маркетинг**
**„МАРКЕТИНГ“ – Скопје**

**Macedonian Marketing Association**
**"MARKETING" Skopje**

**МАКЕДОНСКО МЕЃУНАРОДНО СПИСАНИЕ З А МАРКЕТИНГ**

**MACEDONIAN INTERNATIONAL JOURNAL OF MARKETING**

# Marketing




**Година 7**
**Број 13**
**Скопје 2021**

**Year 7**
**No. 13**
**Skopje 2021**

*Осма Меѓународна научна конференција - ГЛОБАЛНИ ТРЕНДОВИ - 2021*
*Eght International scientific conference - GLOBAL WORLD TRENDS IN 2021*

**ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР**

- проф. д-р Алекса СТАМЕНКОВСКИ, Македонско здружение за маркетинг „Маркетинг“ Скопје,
- проф. д-р Ленче ПЕТРЕСКА, Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин“ – Свети Николе
- проф. д-р Ристе ТЕМЈАНОВСКИ, Економски факултет, Универзитет Гоце Делчев Штип, Република Македонија,
- проф. д-р Атанас КОЗАРЕВ, Асоцијација за корпоративна безбедност, владеење на право и човекови права
- Prof., Dr. Galina V. ASTRATOVA**,** The Ural State University of Economics (USUE) – Russian Federation
- Prof. Dragan KOLEV, PhD, Pan-European University „Apeiron“, Banja Luka, Босна и Херцеговина
- Проф. др Ванче БОЈКОВ, Универзитет у Нишу, Електронски факултет, Србија
- Prof. P. Sergius KOKU, PhD, Florida Atlantic University, Boca Raton, Florida - U.S.A
- Prof. Dr. Izet ZEQIRI, South East European University, Тетово, Македонија
- Sami KAJALO, PhD, Senior Lecturer, Aalto University Business School – Finland
- Вонр. Проф. д-р Билјана ПЕТРОВСКА, Ветеринарен факултет, Универзитет “Св. Климент Охридски” – Битола
- Катарина РАДЛОВАЧКИ,Факултет за примењени менаџмент, економију и финансије, Србија
- проф. д-р Божо МИХАИЛОВИЌ, Економски факултет Подгорица, Универзитет Црне Горе, Република Црна Гора
- проф. д-р Љиљана СТАНКОВИЌ, Економски факултет, Универзитет у Нишу, Република Србија
- проф. д-р Ненад БРКИЌ, Економски факултет у Сарајеву, Република Босна и Херцеговина,
- Проф. д-р Елена СТАВРОВА, Стопански факултет - Југозападен универзитет Неофит Рилски - Благоевград, Република Бугарија
- проф. д-р Динка ЗЛАТЕВА, Стопански факултет - Југозападен универзитет Неофит Рилски - Благоевград, Република Бугарија,
- М-р Сашо НЕФОВСКИ, WEB Организационен секретар
- м-р Божин ПЕТРЕВСКИ, Организационен секретар,
- Д-р Мимоза СТАМЕНКОВСКА, Администартивен секретар

**Рецензенти**

**проф. д-р Алекса Стаменковски**
**проф. д-р Ристе Темјановски**
**проф. д-р Ленче Петреска**
**проф. д-р Елена Ставрва**
**проф. д-р Ванчо Бојков**
**проф. Д-р Митко Младенов**
**проф. Д-р Перко Колевски**

| СОДРЖИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | Име на авторот/иите | Наслов на трудот | |
| **1.** | **Prof. Riste TEMJANOVSKI, PhD<br>Ass.Prof. Zlatko BEZOVSKI, PhD<br>Prof. Tamara JOVANOV APASIEVA,PhD** | **INTERNET OF THING (IOT) AND BLOCKCHAIN<br>TECHNOLOGY IN SUPPLY CHAIN ECOSYSTEM** | **6** |
| **2.** | **Prof. Tamara JOVANOV APASIEVA, PhD<br>Ass.Prof. Zlatko BEZOVSKI, PhD<br>Prof. Riste TEMJANOVSKI, PhD** | **MARKET(ING) TESTING AS A BASE FOR MINIMIZATION<br>OF THE BUSINESS RISK** | **21** |
| | **Проф. д-р Тамара ЈОВАНОВ АПАСИЕВА<br>Доц. д-р Златко БЕЖОВСКИ<br>Проф. д-р Ристе ТЕМЈАНОВСКИ** | **(МАРКЕТИНГ) ТЕСТИРАЊЕ НА ПАЗАРОТ КАКО ОСНОВА ЗА МИНИМИЗИРАЊЕ НА ДЕЛОВНИОТ РИЗИК** | **22** |
| **3.** | **Aleksandra ANGELESKA<br>Radmila CRCEVA NIKOLOVSKA<br>Risto UZUNOV** | **MODERN TECHNOLOGICAL TRENDS IN THE FOOD INDUSTRY<br>- AN OPPORTUNITY TO PROTECT AGAINST THE SPREAD OF COVID 19** | **34** |
| **4.** | **Dijana IVANOVSKA PRZO, PhD<br>Maja KUZMANOVSKA, PhD** | **POST-COVID MARKET CHALLENGES FOR MARKETING STRATEGIES** | **48** |
| | **Д-р Дијана ИВАНОВСКА ПРЖО<br>Д-р Маја КОЧОСКА** | **ПАЗАРНИ ПОСТ КОВИД ПРИДИЗВИЦИ<br>ЗА МАРКЕТИНГ СТРАТЕГИИТЕ** | **49** |
| **5.** | **Мишко ТАСЕВСКИ** | **МАРКЕТИНГ ПОСТ КОВИД-19** | **59** |
| **6.** | **Ass. Prof. Silvana PASHOVSKA, PhD** | **ESSENCE AND MEANING OF SOCIAL MEDIA MARKETING** | **67** |
| **7.** | **Associate Professor Darjan BOJKOV, PhD<br>Sasha DJORDJEVIC, PhD** | **CURRENT TRENDS IN THE DEVELOPMENT<br>OF THE NEW PUBLIC MANAGEMENT** | **75** |
| **8.** | **Assist. prof. Mimoza STAMENKOVSKA, PhD<br>Assist. prof. Snezana IVIC-KOLEVSKA, PhD** | **SARS-COV-2 AND APOPTOSIS** | **82** |
| | **Доц. д-р Мимоза СТАМЕНКОВСКА<br>Доц. д-р Снежана ИВИЌ-КОЛЕВСКА** | **SARS-COV-2 И АПОПТОЗА** | **83** |
| **9.** | **Assist. prof. Snezana IVIC-KOLEVSKA, PhD<br>Assist. prof. Mimoza** | **LABORATORY ANALYSIS FOR DIAGNOSIS<br>AND MONITORING OF COVID-19** | **94** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **STAMENKOVSKA, PhD**<br><br>**Доц. д-р Снежана ИВИЌ-КОЛЕВСКА**<br>**Доц. д-р Мимоза СТАМЕНКОВСКА** | **ЛАБОРАТОРИСКА АНАЛИЗА ЗА ДИЈАГНОЗА И СЛЕДЕЕ НА КОВИД-19** | **95** |
| **10.** | **Dusica NEDELKOSKA, PhD**<br><br>**Д-р Душица НЕДЕЛКОСКА** | **THE IMPACT OF COVID - 19 ON MARKETING**<br><br>**ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД -19 ВРЗ МАРКЕТИНГОТ** | **103** |
| **11.** | **Ibrahim MALA, PhD.c** | **INSURANCE OF MOTOR VEHICLES AND THEIR PRODUCT TYPES** | **111** |
| **12.** | **PhD student, Ilija ZAKOSKI** | **IMPACT OF THE COVID-19 PANDEMIC ON TOURISM IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN REGARDS OF POTENTIAL TOURISTS** | **117** |
| **13.** | **Mariana MAKSIMOVIC, Ph.D** | **COVID 19 AND JOB LOSS** | **128** |
| **14.** | **Mimoza ANASTOSKA-JANKULOVSKA, PHD** | **USE OF TECHNOLOGY IN EDUCATION DURING LOCKDOWN 2020 IN N. MACEDONIA** | **134** |
| **15.** | **Nikolina DIMITRIEVA IVANOVSKI, PHD STUDENT** | **ONLINE RESEARCH FOR FUNDING OF THE MARKETING GOALS OF COMPANIES DURING THE COVID CRISIS** | **142** |
| **16.** | **Boris ARSOV PhD**<br><br>**Д-р Борис АРСОВ** | **BROADBAND INTERNET MARKET ANALISYS IN MACEDONIA**<br><br>**АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА ШИРОКОПОЈАСЕН ИНТЕРНЕТ ПРИСТАП ВО МАКЕДОНИЈА** | **149**<br><br>**157** |
| **17.** | **М-р Сашо НЕФОВСКИ** | **ПРИЛОГ - Се тече - Се се менува** | **167** |

**УДК 338.48-44-057.68]:303.62}:616.98:578.834}-036.21(497.7-88)”2020”**

**PhD student Ilija ZAKOSKI**
Faculty of Tourism and Business Logistics
University "Goce Delcev", Stip
Republic of North Macedonia
ilija.zakoski@yahoo.com

# IMPACT OF THE COVID-19 PANDEMIC ON TOURISM IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN REGARDS OF POTENTIAL TOURISTS

**Abstract**

Since the World Health Organization declared a coronavirus pandemic in March 2020, national governments around the world have closed non-core businesses and restricted movement. In just a few weeks, the tourism industry came to a sudden halt and workers lost their income.

The government used protocols to regulate the operation of catering facilities, which was a reason for the dissatisfaction of tourism workers. However, the government's stimulation of domestic tourism with vouchers for people with low-income was successful. In RNM during the period from January-September 2020, compared to the same period in 2019, there was a decrease of 60.3% of the total number of tourist arrivals.

For domestic tourists, the decrease was by 20.4% while for foreigners 83.8% according to the data from the State Statistical Office. The largest influx of arrivals of domestic tourists is recorded in the period from June-September 2020, as a result of vouchers to stimulate domestic tourism. How potential tourists assess the situation in tourism in RNM during the Covid 19 pandemic in 2020 is the aim of this paper.

The data were obtained through a survey questionnaire from 72 respondents conducted on Popova Shapka in September 2020. The obtained data are statistically processed using the computer software for spreadsheets Microsoft Excel.

The data from the analysis showed that 52% of respondents believe that government protocols are respected, 40.3% that they have a positive impact on tourism, 61.1% of respondents believe that vouchers have a positive impact on domestic tourism. In 2020, according to 63.8% of the respondents, other habits in terms of tourism have been created that will affect tourism in the period after the Covid 19 pandemic.

**Keywords**: pandemic, tourism, tourists, survey questionnaire, tourism vouchers

## Вовед

На почетокот на јануари 2020 година, новиот вид на коронавирус (САРС-КоВ-2) кој предизвикува респираторна болест КОВИД-19 започна да се шири низ светот. На 30-ти јануари 2020 година, Светската здравствена организација (СЗО) прогласи глобална здравствена опасност а на 11-ти март 2020 година прогласи пандемија.[44]

Влијанието на КОВИД - 19 пандемијата врз туристичката индустрија доведе до запирање со работа на многу угостителски објекти, туристички агенции и секакви активности поврзани со туризмот. За наоѓање на излез од настанатата состојба во туризмот поврзана со КОВИД -19 пандемијата, организирани се повеќе меѓународни онлајн состаноци, конференции и панел дискусии. Организацијата за економска соработка и развој (OECD),[45] мерките кои треба да се превземат за справување со кризата во туризмот предизвикана од КОВИД -19 пандемијата, ги дели на три категории.

- заштита на луѓето (туристи и вработени во сектор туризам);
- заштита на бизнис сектор (опстанок на фирмите во туризмот и угостителството)
- секторска политика (координација на секторот туризам и угостителство и негово заздравување, промоција и др.)[46]

Во секоја од овие три категории неопходна е интервенција на Владата со цел да се подржи нивниот опстанок.Според податоците од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија(РСМ) има значително намалување на доаѓањата на туристите во 2020 година во однос на 2019година. Во РСМ во периодот јануари септември 2020 година во споредба со истиот период 2019 година има намалување од 60,3% на вкупниот број на туристички доаѓања. Кај домашните туристи намалувањето е за 20,4% додека кај странците 83,8%. Најголем прилив на доаѓања на домашни туристи се бележи во периодот јуни –септември 2020 година како резултат на ваучерите за стимулирање на домашниот туризам.[47]

[44] https://www.who.int/
[45] https://ec.europa.eu/growth/coronavirus-response_en
[46] Цамбазовски,К.,Методиевск,Д.:Студија за ефектите врз приватниот сектор туризам и угостителство погоден од здравствено економската криза предизвикана од пандемијата КОВИД – 19 со препораки за справување со економските ефекти,Скопје: USAID.2020.
[47] www.stat.gov.mk

**Графикон 1:**

**Број на реализирани доаѓања на туристи**
**во 2019 и 2020 година од јануари до септември**




**Графикон 1:**
**Реализирани доаѓања на туристи во 2019 година по месеци**

Извор: Државен завод за статистика




**Графикон 2:**
**Реализирани доаѓања на туристи во 2020 година по месеци**

Извор: Државен завод за статистика




**Графикон 3:**
**Реализирани доаѓања на туристи во 2020 година по месеци**
Извор: Државен завод за статистика

Падот во туристичкиот промет во РСМ негативно се одразува на севкупниот туризам.

## Методологија

При изработката на трудот користени се различни истражувачки методи: анализа на содржината на европски и светски студии поврзани со кризи во туризмот и препораки на релевантни институции од областа на туризмот и здравството во однос на КОВИД -19, анализа на стратешки документи и законска регулатива поврзана со туристичката и угостителска дејност, анализа на статистички

Извештаи поврзани со угостителството и туризмот, кабинетска анализа на релевантна литература, интернет извори и др. Исто така, користени се податоци од Државниот завод за статистика на РСМ како и податоци од други државни институции. За проценка на промените во туризмот од аспект на туристите, направено е теренско истражување преку анонимен анкетен прашалник кој содржи пет прашања. Анкетирани се 72 туристи корисници на ваучери за стимулирање на домашниот туризам реализирани во хотели на на Попова Шапка во периодот јули септември 2020 година. Податоците се анализирани и графички прикажани.

## Мерки за подршка на туризмот во РСМ

Владата на РСМ на  24.03.2020 година донесе Уредба со законска сила за примена на законот за туристичката дејност за време на траење на вонредната состојба.[48] Во РСМ од започнување на КОВИД -19 кризата, бизнис секторот преку Коморите за туризам одржа повеќе средби со претставници на државните институции надлежни за туризмот и угостителството во земјата. За ефектите врз приватниот сектор - туризам и угостителство и за справување со економските ефекти дискутирани се  мерките кои треба да бидат преземени за успешно справување со КОВИД - 19 кризата.

Директни мерки за секторот кои беа донесени е одложувањето на важноста на неискористените туристичките ваучери до 31.12.2021 година, како и продолжување на важноста на лиценците за вршење угостителска и туристичка дејност и продолжување на важноста на категоризацијата на објектите за сместување исхрана и пијалаци. Најголемиот дел од мерките кои се преземени од страна на Владата, се однесуваат за целокупната економија, но има и такви, кои се наменети за одредени сектори меѓу кои спаѓа и туризмот како ослободување од давачки за Здружението за заштита на авторски музички права.

На иницијатива наАгенцијата за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) се формираше Коодринативно тело кое  има задача да ги превенира можните штети во туристичката индустрија од КОВИД - 19 кризата. Составено е од 12 членови од 5-те комори и асоцијации за туризам, АППТ и претставници од Министерството за економија (МЕ). Кординативното тело се состанува тековно и според потребите. Координативното тело за туризам ги споделува и применува препораките од СЗО и дополително прави проценка на можните штети од корона вирусот во туристичката индустрија и предлага мерки за успешно справување со кризата.

МЕ  има обезбедено средства за директна поддршка на овој сектор преку Фондот за туризам кој веќе е основан, но ќе биде активен по завршување на кризата, односно во периодот на опоравување. Тој ќе биде насочен за директна поддршка на туристичкиот сектор.[49]

Во ситуација на здравствена и финансиска криза Владата на РСМ препозна нова можност за креирање нова и посилна македонска економија, можност за структурни промени и раст. Со пакетите на економски мерки Владата го амортизира ударот од КОВИД - 19 пандемијата.

Првите два пакета економски мерки беа навремени  сеопфатни и прецизно димензионирани. Третиот пакет економски мерки  беше наменет за невработените лица, социјално  ранливите категории, младите, домаќинствата со ниски примања,

[48] Службен весник на РСМ, бр. 80 /2020 година

[49]Џамбазовски,К.,Методиевск,Д.:Студија за ефектите врз приватниот сектор туризам и угостителство погоден од здравствено економската криза предизвикана од пандемијата КОВИД – 19 со препораки за справување со економските ефекти,Скопје: USAID.2020.

медицинските лица но и за стопанството – економијата домашните компании, извозните компании, услужната дејност, земјоделството и туризмот. Придобивка на третиот пакет за туризмот е активирање на домашниот туризам. На 30.05.2020 година Владата на РСМ донесе уредба со законска сила за издавање на ваучери за туризам на вработени лица со низок доход заради поттикнување на домашниот туризам за време на вонредна состојба. Со оваа уредба со законска сила, се уредуваат условите, начинот и постапката на издавање и користење на ваучери за поттикнување на домашниот туризам во услови на намалена економска активност заради здравствено-економската криза предизвикана од КОВИД -19, финансирани од Буџетот на РСМ преку Програмата на МЕ [50]

Четвртиот пакет има за цел да обезбеди одржливост на домашните економски дејности и на работните места, да закрепне одредени дејности, да обезбеди стабилност на социјалните трансфери и да обезбеди политики кои ќе помогнат спроведување на брза излезна стратегија кога кризата ќе заврши за да продолжиме со позитивните трендови на новата развојна македонска економија.[51] За работата на угостителските објекти за сместување беше изготвен: Протокол за работа на угостителски објекти за сместување (хотели, мотели, хостели, пансиони и други објекти за сместување) како и повеќе други протоколи кои меѓу другото се однесуваат и на секторот туризам и угостителство.

[50] Службен весник на РСМ бр.141/2020

[51] Одлука за превентивни мерки ,времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи,планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот сарс-ков-2 и временскиот период на нивна примена. Скопје: Министерство за економија. 2020.

## Резултати

Туристите корисници на ваучери за стимулирање на домашниот туризам имаа можност да ги употребат на различни дестинации. Една од нив беше и Попова Шапка. Како туристите гледаат на туризмот во услови на КОВИД - 19 пандемијата прикажано е на следните графикони:




**Графикон 4:**
**Како делуваат одлуките на владата во време на Ковид-19 пандемијата врз туризмот**

Извор: Сопствена анализа

Незначително поголем процент од анкетираните туристи (40,3%) одговориле дека одлуките на Владата во однос на туризмот имале позитивно влијание, 30,6% сметаат дека имаат негативно влијание а 29,1% дека немаат влијание. Одлуките на владата придонесоа да се акумулира првиот удар на економската криза предизвикан од КОВИД -19 пандемијата. Не е јасно од кои причини висок процент од анкетираните сметаат дека Одлуките на Владата имаат негативни влијание врз туризмот за време на пандемијата. Секако дека влијанието врз туризмот е недоволно но никако негативни.

**Графикон 5:**
**Дали протоколите на Владата се почитуваат од страна на туристичките работници**




**Графикон 5:**
**Дали протоколите на Владата се почитуваат од страна на туристичките работници**

Извор: Сопствена анлиза

Повеќе од половина од анкетираните (52,8%) сметаат дека се почитуваат. Сепак висок е процентот на оние кои одговориле дека не се почитуваат (47,2%).Можноста дека овие одговори се точни е голема бидејќи со незначително попуштање на мерките предложени од Комисијата за заразни болести и усвоени од Владата доаѓа до зголемување на бројот на болни и умрени од Ковид – 19.




**Графикон 6:**
**Какво влијание врз туризмот имаа ваучерите за стимулирање на домашниот туризам**

Извор: Сопствена анлиза

одговориле дека ваучерите за стимулирање на домашниот туризам имале позитивно влијание. Сите анкетирани ги почувствувале благодетите од ваучерите а податоците од Дрзавниот завод за статистика на РСМ го потврдуваат тоа со пораст на бројот на доаѓања на домашните туристи во периодот јули – септември 2020 година.




**Графикон 7:**
**Дали КОВИД -19 пандемијата ги промени н авиките за патување на туристите**

Извор: Сопствена анлиза

Висок процент (63,8%) од анкетираните мислат дека КОВИД -19 пандемијата ги промени навиките за патување на туристите. Стравот од податоците за голем број на болни и умрени ги демотивира туристите да размислуваат за туристичко патување особено оние постарите.




**Графикон 8:**
**Дали по КОВИД -19 пандемијата состојбите во туризмот ќе бидат исти како пред неа**

Извор: Сопствена анализа

Состојбите во туризмот по КОВИД - 19 пандемијата ќе бидат исти како пред неа сметаат 72,2% од анкетираните. Оптимизмот на туристите се должи на нивната желба да се надмине кризата што побргу и да продолжи животот како пред неа. Многу е верно дека многу работи ќе се сменат и ќе помине долго време додека животот биде како пред КОВИД – 19 кризата.

Влијанието на КОВИД -19 пандемијата врз туристичкиот промет во РСМ е евидентно што се потврдува и со направената анлиза.

## Заклучок

Влијанието на КОВИД -19 пандемијата е евидентно во сите сфери на животот. Туризмот како една од најпогодените стопански гранки трпи губитоци во секој поглед. Причина е намалениот прилив како на домашни така и на странски туристи и намалениот број на реализирани ноќевања. Компарацијата на туристичкиот промет во 2020 година со оној од 2019 година јасно го покажува тоа намалување.

Мерките со кои Владата го помага туризмот се недоволни што ќе се одрази негативно во натамошното работење во туризмот и угостителството и ќе ја продлабочи и онака тешката состојба. Несомнено, кризата ќе доведе до промени во секојдневните навики на живеење на луѓето како и во нивните навики за патување. Исто така, ќе бидат редуцирани патувањата на повозрасната група на туристи кои поради безбедносни причини ќе го намалат бројот на патувања во иднина.

Различни мерки по завршување на кризата ќе бидат преземени во секторот туризам и угостителство како зголемени мерки за хигиена, здравствени мерки, држење на дистанца, ограничување на капацитетите во угостителските објекти, патување во помали групи, намалување на капацитетите во транспортот, воведување на „КОВИД пасош“ и др. [52]

## Conclusion

The impact of Covid-19 pandemic on everyday life is quite evident. Tourism, as one of the highly impacted economic areas, suffers losses in all aspects. The reason for this, is decreased flow of both – domestic and foreign tourists, followed by fewer overnight stays. The comparison between the tourist turnover in 2020 and 2019 clearly presents that decrease.

The impact of Covid-19 pandemic on the tourist turnover in the Republic of North Macedonia (RNM) is evident, as confirmed by the performed analysis. The measures undertaken by the Government to aid tourism prove insufficient, which negatively reflects the future operations in tourism and hospitality and will further deepen the already difficult conditions.

Undoubtedly, the crisis will cause changes in people’s everyday lifestyles, including travelling habits. Moreover, travels of the elderly tourists will be reduced for safety reasons – which will reduce the number of travels in the future overall. Once the crisis is over, different measures will be taken in the sector of tourism and hospitality, such as: increased hygiene measures, health measures, keeping distance, limiting hospitality facility’s capacities, travelling in smaller groups, decreasing the transportation capacities, introducing ‘Covid passports’, etc.

[52] Џамбазовски,К.,Методиевск,Д.:Студија за ефектите врз приватниот сектор туризам и угостителство погоден од здравствено економската криза предизвикана од пандемијата КОВИД – 19 со препораки за справување со економските ефекти,Скопје: USAID.2020.

## Литература

1. Одлука за превентивни мерки ,времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи,планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот сарс-ков-2 и временскиот период на нивна примена. Скопје: Министерство за економија. 2020.
2. Службен весник на РСМ, бр. 80 /2020 година
3. Службен весник на РСМ бр.141/2020
4. Статистички годишник на Република Северна Македонија: Скопје: Државен завод за стстистика.2019.
5. Џамбазовски,К.,Методиевск,Д.:Студ ија за ефектите врз приватниот сектор туризам и угостителство погоден од здравствено економската криза предизвикана од пандемијата КОВИД – 19 со препораки за справување со економските ефекти,Скопје: USAID.2020.
6. www.stat.gov.mk
7. https://www.who.int/
8. https://ec.europa.eu/growth/coronavirus-response_en
9. http://tourismmacedonia.gov.mk/